**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија “бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Se Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 01.08.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3044 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 13 јули 2023 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 31 јули 2023 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 55 став 2 алинеи 2, 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**[1];
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 16.06.2023 година, за непочитување на членот 55 ставови 5, 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги*[2]*, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-212 од 16.06.2023 година) на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (19.06.2023 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот надзор врз програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 13 јули 2023 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 55 став 2 алинеи 2, 3 и 4 од Законот за**

[1] Со влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/23, претходните одредби од член 55 ставови 5, 6 и 7 станаа член 55 став 2 алинеи 2, 3 и 4.
[2] Ибид.

**аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*став 2 алинеја 2 - нема директно да поттикнуваат купување или изнајмување стоки или услуги особено преку посебно промотивно препорачување на стоките и услугите; став 2 алинеја 3 – нема да му придаваат претерана важност (истакнување или упатување) на производот за кој станува збор; став 2 алинеја 4 – гледачите и слушателите да бидат јасно информирани за постоењето на пласирањето производи на почетокот и на крајот на програмата, и при продолжување на програмата по секоја пауза за рекламирање, со цел да се избегне забуна кај гледачите и слушателите).*

Прекршокот е направен во премиерното и во репризното издание од „Backstage“, забавното говорно-шоу, во чиј состав има засебен, за аудиовизуелната целина релативно долг (3 минути и 55 секунди) прилог направен како *посебно промотивно препорачување*, односно - маркетиншки приказ на ресторанот: „Queen Sunset Bar“, што е спротивно на Законот и на насоките од точките: 21, 22, 23 и 24 од „Упатството за примена на одредбите за пласирање производи“, опфатени под заеднички поднаслов – „*Забрана за директно поттикнување или прекумерно истакнување:*

- точка 21 - *програмите кои содржат пласирање производи не смеат, преку нагласено промовирање или препорачување, директно да ги поттикнуваат потрошувачите да ги купуваат или изнајмуваат производите или услугите. На производите или услугите кои се пласираат во програмите не смее да им се придава претерана важност, преку истакнување или упатување на нив*;
- точка 22 - *иако некој производ, марка, име или заштитен знак се прикажани во програмата, сепак нивното изложување или споменување не смее да се прави на неприроден, прекумерен, или нападен начин со што видливо се промовира производот, услугата или марката*;
- точка 23 - *водителите на програмите во кои се пласираат производи или услуги треба да избегнуваат да зборуваат со пофалби за квалитетот, цената или достапноста на производите или услугите, како и да даваат какви било позитивни оценки и препораки со кои се наведуваат потрошувачите да ги купуваат или изнајмат пласираните производи или услуги*;
- точка 24 - *оценката за тоа дали во програмата има директно поттикнување или прекумерно истакнување на некој производ или услуга, се утврдува во секој одделен случај, врз основа на кој било од следниве критериуми*:
  - *карактеристиките на пласирањето, на пример: просторот што е издвоен на екранот или во студиото;*
  - *траењето и зачестеноста на споменувањето или прикажувањето;*
  - *целисходноста и оправданоста на споменувањето или прикажувањето од аспект на уредувачкиот концепт на конкретната програма;*
  - *јазикот што се користи при споменувањето, односно визуелните средства при прикажувањето*;

***13.07.2023 година***

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитувањето** | |
|---|---|---|
| | **почеток** | **крај** |
| **„Backstage“** – забавно говорно-шоу (премиера); | **17:55:39** | **18:18:40** |
| *Засебен прилог во рамки на изданието од 13 јули* | | |
| Посебно промотивно препорачување на ресторанот - | 17:56:08 | 18:00:05 |

| | | |
|---|---|---|
| „Queen Sunset Bar“. | | |
| | | |
| **„Backstage“** – забавно говорно-шоу (реприза); | **22:58:56** | **23:22:47** |
| *Засебен прилог во рамки на изданието од 13 јули* | | |
| Посебно промотивно препорачување на ресторанот - „Queen Sunset Bar“. | 22:59:26 | 23:03:21 |
| **Опис на прекршувањето:** Ни премиерата ни репризата на „Backstage“, забавното говорно-шоу не беа соодветно обележани со пропишаната сигнализација за програма што содржи пласирање производи, туку сигнализацијата беше аплицирана само на почетокот од посебниот прилог направен како посебно промотивно препорачување на ресторанот „Queen Sunset Bar“. | | |

За илустрација на недозволеното посебно промотивно препорачување се издвојува и следниов цитат:

- „Зајдисонце кое лесно може да ви го одземе здивот. Queen sunset bar и ова лето ги отвора вратите за да ви го пружи најдобриот поглед на Охридското езеро, придружен со вкусни коктели и убава музика. Backstage беше на местото на настанот и ви ја доловува волшебната атмосфера. Велат дека денот се познава по утрото, но јас мислам дека совршено зајдисонце, поглед кон Охридското езеро и еден топ-коктел може и лошиот ден да ви го направи фантастичен. Ова доживување може да го искусите на најдобар можен начин само во Queen sunset bar. Опуштете се со убав коктел, добра музика и поглед кој може да ви го земе здивот. Поглед кој го има само во Queen sunset bar.“.

Исто така, ни премиерата ни репризата на „Backstage“, забавното говорно-шоу не беа соодветно обележани со пропишаната сигнализација за програма што содржи пласирање производи, туку сигнализацијата беше аплицирана само на почетокот од посебниот прилог направен за ресторанот „Queen Sunset Bar“.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 55 став 2 алинеи 2, 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 13 јули 2023 година, премиерата и репризата на „Backstage“, забавното говорно-шоу, не беа соодветно обележани со пропишаната сигнализација за програма што содржи пласирање производи, а содржеа прилог што посебно промотивно го препорачува ресторанот „Queen Sunset Bar“.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 16.06.2023 година, ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, не ја отстрани повредата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

Во согласност со членот 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со точката 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година**, Советот на Агенцијата да донесе предлог за поведување прекршочна постапка.**

***Сектор за програмски работи***